Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
Скопје

[redacted]

ИП1 бр.15-60
12.03.2025г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков, 5-ти кат
ул.Павел Шатев бр.2 Скопје
Република Северна Македонија

Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје, со службена легитимација бр.06-0012, врз основа на член 33 од Законот за инспекциски надзор во животната средина ("Сл.Весник на Р.С. Македонија" бр.99/22) и член 200 став (2) од Законот за животна средина ("Сл. Весник на Р.С. Македонија" бр.53/2005...89/2022), по извршениот контролен инспекциски надзор во ДПТУ. Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ Скопје со деловно седиште и погон за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила на ул. 32 бр. 102 во општина Илинден во врска со Решението за одобрување на елаборатот за животна средина со бр. УП1-11/4-1215/2024 од 19.02.2025год. донесено од МЖСПП, а заради отстранување на недостатоците утврдени со записникот ИП1 бр.15-60 од 11.03.2025г. донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1) Се задолжува правниот субјект ДПТУ. Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ Скопје со деловно седиште и погон за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила, лоциран на ул. 32 бр. 102 во општина Илинден застапувано од Управителот Влатко Цековски

- Да изврши чистење на пречистителната станица и да направи хемиска анализа на отпадните води што се испуштаат од пречистителна станица во површинските води на отворениот одводен канал во општина Илинден на параметрите: Хемиска Потрошувачка на Кислород (ХПК), Биолошка потрошувачка на кислород (БПК), Суспендирани материи, Вкупен Азот и Вкупен фосфор со акредитирани методи на анализа.
- Рок за отстранување на недостатоците е најмногу 20 дена од денот на приемот на решението, по што треба да го извести Државниот инспектор за животна средина.

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина

3) Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев со службена легитимација бр.06-0012 на ден 11.03.2025 год. изврши редовен инспекциски надзор во деловното седиште и погон за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила на правниот субјект ДПТУ. Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ

[redacted]

Скопје на ул. 32 бр.102 во општина Илинден, во врска со Решението за одобрување на елаборатот за животна средина со бр. УП1-11/4-1215/2024 од 19.02.2025 год., донесено од МЖСПП согласно членот 24 од Законот за животна средина.

За утврдената фактичка состојба, изготви записник ИП1 бр.15-60 од 11.03.2025г., со наод од извршениот инспекциски надзор.

Државниот инспектор за животна средина при редовниот инспекциски надзор утврди дека ДПТУ. Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ Скопје согласно потребите предвидени во одобрениот елаборат за животна средина на 26.04.2024 год. направиле анализа на отпадните води што се испуштаат од нивната пречистителна станица во површинските води на отворениот одводен канал во општина Илинден, од страна на лабораторија која има изготвено Лабораториски извештај за извршената анализа заведен со бр.091-В/24 од 07.05.2024 година. Во извештајот е наведено дека ГВЕ за вкупен Азот при испуштање на отпадна вода во површинска вода во отворениот одводен канал треба да изнесува 10 mg/l N согласно **Правилникот за условите начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување .... ( Сл. Весник на РМ. Бр.81/11, прилог 1 ),** а измерената вредности на испуштениот Вкупен Азот изнесува 26 mg/l N, што е над дозволената ГВЕ. Исто така и вкупниот фосфор има измерена вреденост од 1,99 mg/l N, а ГВЕ според истиот Правилник изнесува 2 mg/l N, што е на самата граница на ГВЕ. Измерените вредности на параметрите се добиени со неакредитирани методи на анализа.

Според горенаведеното правниот субјект треба да интервенира во пречистителната станица, односно да изврши нејзино чистење за да испушта прочистена отадна вода во површинската вода на отворениот одводен канал на општина Илинден. Измерените вредности на параметрите на отпадната вода треба да бидат добиени преку акредитирани методи на анализа и да бидат во рамките на дозволените гранични вредности на емисија– ( ГВЕ ), според важечкиот Правилник.

Врз основа на горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор ("Сл.Весник на Р.С. Македонија" бр. 102/2019) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка. Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 15-60 на 12.03.2025 год.

**Доставено до** :
- Архива
- ДПТУ. Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ Скопје ул. 32 бр. 102 во општина Илинден

Примено на 12.03.2025

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Мите ВАЧЕВ

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков, 5-ти кат
ул.Павел Шатев бр.2 Скопје
Република Северна Македонија

Сајт: www. sei.gov.mk